Врз основа на член 13 став 1 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 59/25) и член 5 став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година бр. 01-197/3 од 15.4.2024 година, бр. 01-109/3 од 11.2.2025 година и бр. 01-157/4 од 25.3.2025, и Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование од 2025 година, Државниот испитен центар Скопје распишува

# ПОВТОРЕН ЈАВЕН КОНКУРС

**за избор на надворешни соработници - членови на државните матурски предметни комисии**

**I. Државниот испитен центар распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници - членови на државните матурски предметни комисии, за предметите:**

1) **Српски јазик** – 1 (еден) член и
2) **Италијански јазик** – 1 (еден) член.

**II. Услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите кои конкурираат на јавниот конкурс за членови на државните матурски предметни комисии:**

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област;
- да се од редот на стручните лица-наставници од соодветниот наставен предмет во средните училишта во РСМ, но доколку такви нема пријавено ќе се земат предвид и наставници по соодветниот наставен предмет во основните училишта во РСМ;
- да имаат најмалку 7 години работно искуство во настава и
- да имаат најмалку 3 години искуство во процесот на оценување на екстерните испити од државната матура, но по исклучок доколку не се пријават доволно кандидати, ќе се земат предвид лица и со помало или без искуство во процесот на оценување.

**III. Кандидатите кои конкурираат за членови на државните матурски предметни комисии задолжително ја доставуваат следнава документација:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.mk);
- кратка биографија;
- уверение за државјанство;
- копија од уверението/дипломата за завршени академски студии од прв циклус од соодветната област, заверена на нотар;
- потврда дека се од редот на стручните лица-наставници од соодветниот наставен предмет во средните или основните училишта во РСМ;
- потврда за најмалку 7 (седум) години работно искуство во настава и
- доказ за најмалку 3 (три) години искуство во процесот на оценување на екстерните испити од државната матура (решение, договор или потврда) доколку го има.

**IV.** Изборот на надворешни соработници – членови на државните матурски предметни комисии се врши на начин и во постапка утврдена со Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар.

**V.** Кандидатите кои ќе бидат избрани за надворешни соработници – членови на државните матурски предметни комисии ќе бидат ангажирани **до крајот на учебната 2024/2025 година**.

**VI.** Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е **5 (пет) дена**.

**VII.** Изборот на надворешните соработници ќе се изврши најдоцна во рок од 18 (осумнаесет) дена по истекот на рокот за пријавување.

**VIII.** Ненавремена, нецелосна и невалидна документација, нема да биде предмет на разгледување.

**IX.** Пријавата со потребната документација се доставува во Архивата на Државниот испитен центар (од 10:00 до 14:00 часот) или со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ б.б. 1000 Скопје, со назнака „**За повторен јавен конкурс за надворешни соработници - членови на државните матурски предметни комисии ...(се наведува предметот за кој се пријавува)“.**

**X.** Дополнителни информации за јавниот конкурс можат да се добијат на телефонскиот број 075/258-862, секој работен ден од 10.00 часот до 14.00 часот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ